**Г р а д   С к о п ј е**

**Предлагач:** Градоначалник на Град Скопје

**Изготвувач:** Сектор за сообраќај

**Претставник:** Секретар на Град Скопје

**Повереник:** Раководител на Сектор за сообраќај по овластување на Градоначалник

# Предлог - Програма на активности од областа на сообраќајот на подрачјето на град Скопје за 2024 година

Скопје, март 2024 година

Врз основа на член 36, став 1, точка 1 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" број 5/02) и член 10, став 1, точка 4 од Законот за Градот Скопје ("Службен весник на Република Македонија" бр.55/04 и 158/11), Советот на Град Скопје, на седница одржана на __________ 2024 година донесе

**ПРОГРАМА**
**на активности од областа на сообраќајот**
**на подрачјето на град Скопје за 2024 година**

## ***I. ЦЕЛ НА ПРОГРАМАТА***

Главна цел на оваа програма е унапредување на безбедноста на сите учесници во сообраќајот, унапредување на сообраќајот во мирување, унапредување на јавниот превоз во рамките на законските надлежности, а со тоа и заштита на здравјето и подобрување на квалитетот на животот на граѓаните.

Оваа програма ги утврдува мерките за унапредување на безбедноста на сите учесници во сообраќајот, унапредување на сообраќајот во мирување, унапредување на јавниот превоз за подрачјето на град Скопје за 2024 година, преку конкретни активности во изведба и одржување на хоризонтална, вертикална и светлосна сообраќајна сигнализација и интелигентни транспортни системи и сообраќајно-техничка опрема, утврдување на режимот на сообраќај, изработка на сообраќајни студии и проекти, унапредување на паркинг просторите на подрачјето на градот Скопје, со кои стопанисува ЈП Градски паркинг, осовременување на јавниот градски превоз, воведување на еколошки превоз со цел заштита на животната средина и сите други елементи кои претставуваат неделива целина од унапредувањето на сообраќајот.

Со оваа програма се дефинираат конкретните проекти, студии, субвенции како и потребата од нивно реализирање, целите кои со тоа ќе се постигнат и потребните финансиски средства.

## ***II.ПРАВНИ ОСНОВИ***

Основа за планирање, развивање и реализирање на активностите од областа на сообраќајот е Законот за Град Скопје, Законот за локалната

самоуправа, Законот за безбедност на сообраќајот, Законот за јавните патишта, Законот за градење, Законот за урбанистичко планирање, Законот за превоз во патниот сообраќа и Законот за јавните претпријатија.

## ***III.ПРЕДМЕТ НА ПРОГРАМАТА***

Предмет на оваа програма се активностите кои се во надлежност на Градот Скопје, а кои ќе се преземат во текот на 2024 година за унапредување на безбедноста на сите учесници во сообраќајот, унапредување на сообраќајот во мирување, унапредување на јавниот превоз во рамките на законските надлежности, а со тоа и заштита на здравјето и подобрување на квалитетот на животот на граѓаните.

## ***IV.ПЛАНИРАНИ АКТИВНОСТИ***

Со оваа програма се предвидени активности кои Град Скопје, Сектор за сообраќај ќе ги реализира во насока на:

- унапредување на безбедноста,
- унапредување на сообраќајот во мирување,
- унапредување на јавниот превоз,
- субвенционирање на одредени категории.

### ***IV.1 Унапредување на безбедноста***

**Цели:**

- Подобрување со унапредување на безбедноста во сообраќајот во градот Скопје, а со тоа и заштита на сите учесници во сообраќајот, најмногу на ранливите категории на учесници,
- Зголемување на безбедноста и мобилноста на сите учесници во сообраќајот,
- Имплементација на велосипедски патеки и ленти за унапредување на велосипедскиот сообраќај, а со тоа подобрување на алтернативниот превоз и мобилноста на граѓаните,
- Одржување и изведба на хоризонтална, вертикална и светлосна сообраќајна и интелигентни транспортни системи и сообраќајно-техничка опрема, со цел да се обезбеди поголема видливост и информираност на учесниците во сообраќајот,
- Утврдување на режимот на сообраќај со цел одвивање на побезбеден сообраќај,
- Изработка на сообраќајни студии и основни сообраќајни проекти.

**Активности:**

- Одржување и изведба на светлосна сообраќајна сигнализација и интелегентни транспортни системи,
- Одржување и изведба на хоризонтална и вертикална сообраќајна сигнализација,
- Изработка на сообраќајни студии и основни сообраќајни проекти (утврдување на траен и времен режим на сообраќај, со предходна согласност на МВР-СВР) со цел да се обезбеди поголема безбедност кај сите учесници во сообраќајот, а со тоа и повисоко ниво на сообраќајна услуга од страна на корисниците.

**Активностите од точките 1, 2 и 3 ќе се реализираат согласно одредбите од Законот за јавните набавки како и во договор со институциите чиј основач е Град Скопје.**

**Финансиските средства се предвидени во Буџет на град Скопје за 2024 година:**

- Програма Ј6, ставка 424 – **ЈП Улици и патишта** – светлосна сигнализација – одржување и интелигентни транспортни системи - договорни обврски од 2023,
- Програма Ј6, ставка 424 – **ЈП Улици и патишта** – хоризонтална и вертикална сигнализација – одржување и изведба- договорни обврски од 2023
- Програма Ј6, ставка 424 – надградба и одржување на софтвери ПТВ Висим (PTV Vissim), ПТВ Висум (PTV Visum) и ПТВ Висволк (PTV Viswalk)

**Износ:52.500.000 денари**

- Програма Ј6, ставка 461– **ЈП Улици и патишта** – субвенции за одржување и оперативни трошоци на Центар за управување и контрола на сообраќај (ЦУКС),

**Износ:20.000.000 денари**

- Програма JF, ставка 482 – подготвување сообраќајни студии, проекти и ревизии - договорни обврски од 2023,
- Програма JF, ставка 482– надзор на изведбата на светлосна, вертикална и хоризонтална сообраќајна сигнализација,

**Износ: 5.950.000 денари**

**Се вкупно финансиски средства за овие активности се 78.450.000 денари.**

***IV.2 Унапредување на сообраќајот во мирување***

**Цели:**

- Унапредување на организирањето и уредувањето како и зголемување на капацитетот на стационарниот сообраќај на јавните паркиралишта и јавните површини наменети за паркирање (ЈП Градски паркинг – Скопје).

**Активности:**

- Одржување и модернизација на јавните паркиралишта и јавните површини наменети за паркирање на подрачјето на градот Скопје со кои стопанисува ЈП Градски паркинг – Скопје,
- Редовно спроведување на акции за чистење, одржување и бележење на јавните паркиралишта и јавните површини наменети за паркирање, одржување на системот за зонско паркирање како и одржување на паркинг системите на „затворените“ јавни паркиралишта и други тековни инвестициски вложувања со кои се одржува и унапредува дејноста на претпријатието,
- Зголемување на капацитетот на јавните паркиралишта и јавните површини наменети за паркирање.

**Активностите од точките 1, 2 и 3 ќе се реализираат согласно одредбите од Законот за јавните набавки како и во договор со институциите чиј основач е Град Скопје.**

***IV.3 Унапредување на јавниот превоз***

**Цели:**

- Унапредувањето на линискиот превоз на патници и да се обезбеди изградба на ефикасен урбан транспортен систем,
- Зголемување на бројот на превезени патници, продуктивноста и транспортната работа кај превозниците,
- Зголемување на доверливоста,
- Намалување на времето на патување,
- Намалување на времето на превоз (намалување на време на пешачење и патување),
- Зголемување на удобноста,
- Зголемување на интегрираноста,
- Подобрување на информирањето на корисниците на линискиот превоз на патници.

**Активности:**

- Овозможување на бесплатен превоз на возрасни лица (над 62 години жени старост и над 64 години старост за мажи) и редовни студенти на додипломски студии на државните универзитети,
- Зголемување на квалитетот, безбедноста, удобноста, економичноста, брзината и редовноста при вршење на превозот на патници,
- Поголема и поефикасна контрола на сообраќајот на автобусите и линиите,
- Се предвидува домашно долгорочно задолжување на Град Скопје за набавка на еко автобуси во висина од 620.000.000 денари.
- Поставување на настрешници на автобуски стојалишта.
- Подобрување на такси превозот во градот Скопје.

**Активностите ќе се спроведат со субвенционирање на ЈСП Скопје, преку домашно задолжување, согласно одредбите од Законот за јавните набавки како и во договор со институциите чиј основач е Град Скопје и преку Јавен повик.**

**Финансиските средства се предвидени во Буџет на град Скопје за 2024 година:**

- Програма Ј5, ставка 461 - **Јавно сообраќајно претпријатие** - субвенции за обезбедување бесплатни карти за возрасни лица - (над 62 години старост за жени и над 64 години старост за мажи) и редовни студенти на додипломски студии на државните универзитети,
- Програма Ј5, ставка 461 - **Јавно сообраќајно претпријатие** - субвенции за потешкотии во работењето,
- Програма Ј5, ставка 461 - **Јавно сообраќајно претпријатие** – субвенции за функционирање на АВЛ и системот за интелигентна наплата,

**Износ:685.400.000 денари**

- Програма ЈР, ставка 489 - **Јавно сообраќајно претпријатие** - субвенции за поставување на настрешници на автобуски стојалишта.

**Износ:4.000.000 денари**

- Програма R1, ставка 464 - субвенции за еко такси превоз (хибридни и електрични)

**Износ:2.500.000 денари**

**Се вкупно финансиски средства за овие активности се 691.900.000 денари.**

## ***V. ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ОВАА ПРОГРАМА***

**Буџет на град Скопје за 2024 година:**

Средствата за финансирање на Програмата се утврдуваат во износ од 770.350.000 (седумстотиниседумдесетмилиониитристапедесетилијади) денари.

## ***VI. ИЗВРШИТЕЛ НА ПРОГРАМАТА***

За реализирање на оваа програма на активности од областа на сообраќајот на подрачјето на Град Скопје за 2024 година е задолжен Градоначалникот на Град Скопје преку Секторот за сообраќај.

## ***VII. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ***

Оваа Програма влегува во сила со денот на објвувањето во “Службен гласник на Град Скопје“.

Бр. ___________
С К О П Ј Е

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ГРАД СКОПЈЕ**

**Трајко Славески**

**Образложение**

Врз основа на член 36, став 1, точка 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02) и член 10, став 1, точка 2 од Законот за Град Скопје („Службен весник на Република Македонија“ бр.55/04 и 158/11), ја предлагаме Предлог програмата на активности од областа на собраќајот на подрачјето на град Скопје за 2024 година.

Оваа програма му овозможува на Градот поефикасно, модерно планирање и регулирање на сообраќајот, со посебен акцент на одржливите решенија за мобилност.

Еден од клучните услови кој влијае на квалитетот на одвивање на мобилноста во градовите е организацијата на сообраќајот, поради тоа обезбедувањето на квалитетна мобилност е од исклучително значење за непречено функционирање на сообраќајот во градот Скопје.

Секторот за сообраќај при Град Скопје, со примена на информатичките технологии и најновите технолошки достигнувања, се обидува да овозможи што поквалитетна услуга за реализација на мобилноста, со цел зголемување на безбедноста на сите учесници во сообраќајот, како и унапредување во управувањето и контролата на сообраќајот во зависност од сообраќајната побарувачка, за подобар квалитет на животот.

Со оваа програма се дефинираат активностите организирани како сообраќајно – техничка, економско и правна целина кон задоволување на потребите на граѓаните и напредок на јавниот превоз во град Скопје.

Промената кон поодржливи начини на одржлива урбана мобилност ја поддржува интеграцијата и рамномерниот развој на сите начини па поради тоа оваа програма е од суштинско значење за решавање на проблемите со урбаниот транспорт и за постигнување на локални и на повисоко ниво еколошки, социјални и економски цели, односно се цели кон задоволување на потребите за мобилност на луѓето и бизнисите во градовите и нивната околина за подобар квалитет на живот.

Предвидено е обновување на урбаната опрема на автобуските стојалишта и терминали, со истовремено нејзино техничко, визуелно и естетско типизирање, како и унапредување на системот за информирање на корисниците на линиски превоз на патници кој има за цел да обезбеди навремена и точна информација за линиите и возните редови кон крајните корисници – патниците.

Исто така со оваа програма се финансираат средства предвидени во Буџетот на Град Скопје за 2024 година, за активности под надлежност и реализација на ЈП Улици и патишта - Скопје:

- Изведба и одржување на светлосна сообраќајна сигнализација;
- Изведба и одржување на хоризонтална и вертикална сообраќајна сигнализација и сообраќајно-техничка опрема; и,
- Проектирање на сообраќајно-техничка документација за утврдување или измена на режим на сообраќај.

Врз основа на горенаведеното се предлага на Советот на Град Скопје да ја усвои оваа Програма на активности од областа на сообраќајот на подрачјето на град Скопје за 2024 година.